# ОСНОВИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

ОД ДЕТСКА ПЕРСПЕКТИВА

## ЗА ОСНОВИТЕ...

Демократичноста не е вродена особина. Демократијата се учи. Од најмали нозе и во сите ситуации.

Сакаме нашите деца да живеат во демократско граѓанско општество. Тие сами ќе можат да го создадат ако знаат што е тоа демократија и како се практикува.

Затоа уште од основното образование ги учиме на основите на демократијата: правда, одговорност, приватност, власт и владеење во семејството, училиштето, локалната заедница и државата. Ги учиме како да бидат активни граѓани и ги оспособуваме да ги решаваат проблемите. А децата им даваат нови димензии на овие вредности - својата искреност и фантазија.

Учениците на крајот на четврто одделение ги прашувавме за тоа колку и како ги разбрале Основите на демократијата, односно програмата што заедно со нивните наставници ја реализирале четири години. Учениците од шесто одделение ни покажаа во која мерка се стекнале со вештините за граѓанско делување во училиштето и во локалната заедница, а што ги училе низ програмата Проект граѓанин.

Нешто разбрале и научиле повеќе, нешто помалку, некои повеќе, некои помалку. Кога на едно место ќе прочитате толку интересни размислувања, симпатични коментари и „гафови“, незапирлива е потребата да го споделите уживањето во нив. Умните главички и некои, засега, збунети мали граѓани, заслужуваат нивните размислувања да бидат овековечени. И тоа е основната цел на ова издание.

Во книшкава се дадени избрани интересни одговори на некои од 150-те прашања на некои од 2500-те испитувани ученици. Од нив може да се види како децата ја разбираат демократијата, а возрасните можат нешто и да научат за неа.

Со „бисерите“ на децата обидете се да се забавувате, ослободени од предрасуди и намера да вршите процена на нивното знаење или незнаење. Имајте предвид дека ова се само дел од одговорите и дека тоа се само деца на 10-годишна и 12-годишна возраст кои ние ги воспитуваме во семејството, училиштето и, воопшто, во општеството.

# „НЕ СПИЈАЈ“ ПРЕД ДЕВЕТ!

Првото подрачје кое се оценуваше во IV одделение е „Семејството“. Децата во и за семејството учат од најмала возраст. Некои работи ги знаат како прецизни правила и сосема сериозно ги сфаќаат и почитуваат, а некои, веројатно, им одговара да не ги знаат.

IV 011

На барањето да напишат правило кое ќе го реши проблемот на легнување в кревет на децата во едно семејство, најголем дел од нив сметаат дека треба да се легнува во 21 часот. А дел од правилата беа вака формулирани:

- Легнувајте рано за да можете утре да бидете одморени.
- Рано легнувајте за да станете рано.
- Кој нема рано да легне, нема да добие чоколада.
- Не спијај додека не дојде девет часот!!!

## ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕТОДИ

- Родителите треба да им се скараат или да ги натепаат.
- Во 22.30 часот да сте легнати да спиете затоа што ќе јадете ќотек.
- Да поставаат камери и да гледаат што прават и прво мајката и таткото да станат.

# МАМА И ТАТО ДА НЕ ПРАВАТ „БЕЉИ“

IV одд.

Децата знаат кои им се обврските во семејството. А, еве што мислат за тоа кои обврски ги имаат родителите.

- Да обезбедат удобен живот на децата, да бидат праведни кон децата, а исто така и да ги школуваат децата.
- Да нѐ чуваат, да ни даваат храна и облека секогаш.
- Да им помагаат на децата при решавање на задачите.
- Никој од родителите не смее да го силува своето дете.
- Да нѐ запишат во училиште.
- Да не ги тепаат своите деца.
- Да им даваат здрава храна на своите деца.

Кога го поставивме прашањето, очекувавме децата да ги напишат обврските на родителите во однос на децата, но добивме и вакви одговори:

- Тие треба да одат секојдневно на работа, а не кога сакаат.
- Татко ми да ја заклучи вратата од колата. Мајка ми да ги измие садовите.
- Нивна обврска на Велигден е да бојадисуваат јајца.
- Обврска на мајка ми е да готви, а на татко ми да се грижи за колата.
- Родителите мораат да си го средат дворот.
- Да работат од ден до ноќ и да одат во странство.

## КАДЕ Е ПРАШАЊЕТО?

Тато и мама по цел ден се жалат дека немаат пари.

## НАЈВАЖНОТО!

Да ги платат сметките затоа што ќе го исклучат телефонот.



## МИРНИ РОДИТЕЛИ

- Да не прават бељи.
- Родителите не треба да се тепаат со други.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Работата му дава обврски на учителот.
- Кога нашите родители се караат.
- На пример, да поставаат семафори.
- Обичај е да се прослави роденден. Таткото купува торта, соленки и свеќа, а мајката ја уредува куќата.

# „НЕ ВАЌАЈТЕ ШПОРИЊА!"

Бидејќи безбедноста е важен сегмент на денешното живеење, особено за децата, побаравме од нив да напишат едно семејно правило кое се однесува на нивната безбедност. Од широкиот дијапазон сериозни правила ги издвоивме следниве:

IV одд.

- Не трчај по скали и не лупај врати.
- Да не ваќаме или приклучуваме електрично шпоре.
- Не треба да фаќаме електрични енергии.
- Децата не треба да се качуваат на покривите од куќите.
- Да не пиеме, пушиме и се дрогираме.
- Не лизгај се по скалите.
- Не скокај во кревет зашто можеш да се сопнеш и да паднеш.
- Да не се игра со кибрит, да не чепкаме сами во рерната и др.
- Децата не треба долго да играат на компјутер да не ги заболат очите.
- Не играј на тераса кога си сам.
- Да не купуваат петарди.
- Не пипај кај што не треба во штекери.
- Не смее да се качува на гранките од цреша да не се падне.

Најдете им ја врската на овие правила со безбедноста. Изгледа заедничко им е правилото „Слушај ги мама, тато и наставничката“.

- Децата треба да се хранат, да пијат чаеви за да бидат вековити и др.
- Да бидеш облечен да не те фане струја.
- Безбедно е да учиш, да работиш на часови и да бидеш мирен.
- Да си играат, да учат, да се културни и др.
- Да не викаш гласно дома.



## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Јас не сакам никој да го задева брат ми зашто јас сум тука да го обезбедам.

УПС! СЕ ЗБУНИВ

Таткото на ќерката му вели оди наполни вода.

## БЕЗБЕДНОСТ ИЛИ УРЕДНОСТ?

- Еден ден мојата мајка ми рече да ги измијам ваганите и ја послушав.
- Да не ги фрламе алиштата на сите страни.
- Јас денеска ја чистев мојата уредна собичка.

## АРАМИИ И КРАДЦИ

Повторно за безбедноста. Знаете ли што сè може да се случи кога ќе ја отворите влезната врата? Децата дефинитивно знаат затоа што за правилото кога се сами да не се отвора вратата на непознати, се согласија дека е добро и додадоа:

IV одд.

- Непознатите можат да бидат: крадци, убијци, арамии...
- Може да биде некој крадец, некој убиец, некој наркоман и друго.
- Ако отвориш врата на непознати додека си сам, може да те украдат или да направат непредвидена катастрофа.

### ТОА Е ТОА?!

Не треба да отвора каде што не треба.

### ОД ЛОШО ПОЛОШО...

За да не влезе некој крадец и да го истепа детето. Или да го киднапира. Или да украде сè. Или нешто полошо.

### ФИЛМЧЕ

Ако некој од семејството е сам и отвори на непознати лица после неколку дена тие ќе седат надвор и ќе видат дека излегуваат, а они нема да ги видат и тие кога ќе излезат, другите ќе влезат и ќе ги ограбат.

## ШТО ПРИЛЕГА НА СЛУЧАЈОТ?

Второто подрачје кое се оценуваше е „Училиштето". Голем дел од своето време децата го минуваат во училиште и очекувавме дека тие сосема добро ги познаваат своите права и обврски. На поставените задачи со едноставни секојдневни ситуации, добивме и несекојдневни одговори.

Еве една таква ситуација:

„Во паралелката учениците се потсмеваа ако некој од нив погрешеше во одговорот. Непријатно се чувствуваа тие што ќе погрешеа, се создаваше врева и се губеше време од часовите. Напиши едно правило со кое ќе се реши овој проблем".



- Не треба да им се потсмеваме на нашите пријатели. Ова правило најмногу прилега на случајот и многу подучува во вакви ситуации.
- „Не треба да се потсмеваат ако некој згреши." Затоа што сите на овој свет грешат, никој не е светец.
- „Не потсмевај се доколку некој погреши!" Тоа правило ќе го реши проблемот бидејќи нема да се губи време од часовите и никој нема да се чувствува непријатно.
- „Тој што последен се смее, најслатко се смее." Затоа што сите сме луѓе и сите можеме да згрешиме и да не ни се смеат другите.
- Ако некој згреши во одговорот не му се смеј туку со кревање на рака поправи го, затоа што ако му се смееш на некого кој погрешил, ќе ти се врати.

### И ОВА ЛИ Е РЕШЕНИЕ?

Овој проблем ќе се реши со казна.

# ЕМ ПЛАЧКИ ЕМ „ОПАСНИ“

IV одд.

Меѓусебното разбирање и почитување е составен дел од живеењето во училишната средина. Побаравме од децата да напишат што би бил соодветен одговор на едно девојче на коментарот на едно момче дека девојчињата се плачки.

Очекувавме одговори во кои ќе биде истакнато почитувањето на различностите. Се надеваме дека овие деца, со исклучок на оние „полутите“, така миролубиво ќе комуницираат во секоја ситуација во животот.

- Не навредувај нѐ! И ние девојчињата сме деца како вас момчињата.
- Луѓето имаат различни особини и никој не треба да им се потсмева поради тоа. Девојчињата не се плачки.
- Ние девојчињата не сме плачки туку сме одговорни и мирни.
- Ние не сме плачки туку примерни деца и не сакаме да се тепаме затоа што тоа не е добро, можеме да се повредиме.
- Ова ќе го потврдам бидејќи не сакам да се карам со тебе.
- Колку сакаш зборувај ми го тоа, знам дека сакаш да ме изнервираш, не потклекнувам на тоа.
- Те молам немој да нѐ навредуваш. Тоа не е убаво. Ете гледаш ти си некултурен, поправи се!
- Не е праведно да зборуваш така. Ние секогаш ја бараме правдата.
- Ако, можеби само ти така мислиш. Многу си недисциплиниран, а и со какво право го кажуваш тоа.

## ШТО СЕ ДЕВОЈЧИЊАТА...

- Сите девојчиња се слатки и убави, а тоа не важи и за момчињата.
- Девојчињата се убави и добри. Некои девојчиња се плачки и плачат.
- Ние девојчињата сме многу убави. Ние сме многу насмеани. Ние сме учтиви.
- Не сме плачки, само сме понежни и поплашливи од вас и не ни се допаѓаат вашите работи.
- Ние девојчињата не сме плачки туку сме одговорни и мирни.

## А ШТО СЀ СЕ МОМЧИЊАТА...

- Ако ние сме плачки, тогаш вие сте клеветачи.
- Ние не сме плачки. Вие сте глупци.
- А пак вие сте лутковци.
- Па и вие машките сте глупави и досадни.
- А вие момчињата сте љубопитни.

IV одд.

### УПС! СЕ ЗБУНИВ

Зошто ние да сме плачки? Ајде кажи ја цената!

### ЖЕНИЧКИ

Не сме само ние жените, туку и вие мажите сте плачковци. Сите сме исти.

Во подрачјето „Држава“ не очекувавме спектакуларни резултати затоа што и на возрасните не им е така лесно да се справат со државата.

IV одд.

За да ги идентификуваат основните карактеристики на државата и нејзините главни институции, им поставивме на децата едноставни прашања. На барањето да наведат една карактеристика на Скопје заради која тој е главен град на Република Македонија, добивме многу соодветни и прецизни одговори:

- Во него се наоѓа Собранието на Република Македонија. Но, исто така, тој е и најголем град.
- Скопје е културен, историски и забавен центар.
- Во Скопје има повеќе споменици, таму се наоѓа Парламентот и на Гоце споменикот.

Ова навидум едноставно барање предизвика и лавина од смешни и чудни одговори. Во продолжение, што сè си има нашиот главен град...

- Порано во Скопје имало земјотрес, пожари и др.
- Тој е најголем и има во него карпош населби.
- Во него има полно истории.
- Во Скопје има стари изведби.
- Тој е главен град поради големите згради.
- Треба да има сообраќаец бидејќи има многу возила.
- Тој е добар град и многу уреден.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Карактеристика на Скопје е Маврово.
- Тој е главен град заради Југославија.
- На секој пет години да менаваме претседател.
- Главен е заради градоначалникот.
- Затоа што сме Скопјани.

IV одд.

## СТАТИСТИКА

Скопје е голем град со културни установи и над милион жители.

## ИСТОРИЈА + ГЕОГРАФИЈА + ЕКОЛОГИЈА

- Бидејќи водел многу војни со другите држави.
- Тој е главен град на РМ бидејќи се наоѓа во центарот на државата.
- Карактеристика на Скопје е што ја има најголемата река Вардар.
- Скопје е многу убав град и многу е загаден од автомобилите.
- Градот е голем има големи продавници, не треба да се фрлаат многу отпадоци.

# ВАЖНО ДА Е НАСЛЕДСТВО

Познавањето на некои од основните одговорности во државата и ставовите во врска со нивното почитување децата ги изразија, меѓу другите, и преку одговорот на прашањето зошто е потребно да се почитува културното наследство на Република Македонија.

IV одд.

- Тоа е еден од доказите за минатото на македонскиот народ и националностите.
- Културното наследство е едно од најголемите богатства на државата и тоа го покажува животот на минатите народи на тоа место.
- Треба да го почитуваме бидејќи од него ќе научиме нешто за минатото.
- Затоа што културното наследство е свето и треба да се гордееме со него.
- Затоа што тоа е наследено од минатите борци и треба да го чуваме како украс.
- Културното богатство е многу значајно и треба да го видат и другите генерации.
- Затоа што тоа е богатство на еден народ.

Синтагмата „културно наследство“ за некои деца била сложена па се обиделе да ја поедностават и ја поделиле на два дела - култура (културно) и наследство. Од таквиот обид произлегоа и следните одговори:

- Секој граѓанин има право културно да зборува.
- Бидејќи тие треба да бидат културни и треба да се збогатат.
- Бидејќи некој роднина го оставил културното наследство на некој што го почитува и ние тоа треба да го почитуваме.
- Бидејќи тоа му го оставил/а неговата прабаба/прадедо.
- Кој било да им го даде наследството тие не треба да се лутат.
- Бидејќи ќе го задржи својот дел. Можеби ќе добие некаква награда со која ќе може да се гордее.



## УПС! СЕ ЗБУНИВ

- Затоа што кога ќе иде во друга земја или држава ќе знае како да зборува на луѓето со културни наследства и ако купи стан да знае како да се договори со директорот.
- Затоа што ја уништува природата, воздухот заедно со сите природни суштества. Ги уништуваме и парковите дури и шумите.
- Ние треба да го почитуваме културното насилство бидејќи некој че ни речат дека не сме Македонци.
- Затоа што има една шанса.
- Затоа што е државник на Република Македонија.
- Затоа што и Македонија да биде пофалена.

# ПРАТЕНИКОТ ШТО ИМАШЕ „СИТУАЦИЈА“

IV одд.

Покрај сите сериозни и умни одговори, од кои и возрасните можат нешто да научат, добивме и многу смешни и забавни одговори, соодветни на искреноста на децата, особено кога е во прашање политиката.

Замислете една ваква ситуација. Пратеникот брза на важна седница и ја пречекорува дозволената брзина. Го запира полицаец. Што мислите, што треба да направи полицаецот? Вие можеби и ќе се подзамислите за исходот на дадената ситуација, но најголемиот дел од децата беа сигурни и одговорија дека полицаецот треба да го казни пратеникот со следниве образложенија:

- Пратеникот треба да излезе порано од дома за да стигне на време.
- Тој треба да ја изврши својата должност за да не ја загуби работата и за да другите не ја изгубат довербата.
- Никој не е виновен што тој задоцнил, а редот мора да се одржува.
- Иако е пратеник, тој е државјанин на Република Македонија и како сите други луѓе треба да биде казнет за прекршување на правилата.
- Може да дојде до некоја повреда од премногу брзо возење па тогаш нема ни да отиде ни да закасни на седницата.
- Да запише дека пратеникот брзо возел и потоа со шефот од полицијата да размисли што ќе прави. Не треба само граѓаните да бидат казнети за брзо возење. И пратениците се луѓе, дозволено е и тие да бидат казнети, без разлика каде брзаат.
- Полицаецот треба да го приведе пратеникот. И тој треба да ги почитува правилата и законите на државата.
- Пратеникот знаел кога е седницата и требал да тргне на време, а не кога веќе почнала седницата.
- Да го казни за преголемата брзина. Пратеникот треба да си ги врши обврските и да не се успива.
- Полицаецот треба да го фати и да го однеси во затвор. Тој не е правилен и не се однесува правилно, како што треба.

Е, сега и одговорите на оние помалку строгите. Па, пратеник е во прашање, нели?

- Јас мислам дека полицаецот треба да го предупреди да не вози брзо, доколку не е така на пратеникот му следува казна. Јас мислам така бидејќи ако пратеникот навистина брзал, треба да му се прости. Но и тој треба да се поправи, бидејќи не треба да го користи тоа што е пратеник.
- Мислам дека полицаецот треба да му каже на возачот да плати пола казна. Можеби пратеникот имал многу важна работа во Собранието на РМ, па затоа треба да плати половина казна.
- Да види дали е вистина пратеник и зошто толку се брза, затоа што ако тој не е пратеник и можеби не му е регистрирана колата тој ќе си замине и нема да плати казна.
- Треба да го пушти и да го предупреди, затоа што тој е еден од поглавните, а треба да го предупреди така што ќе му каже почесто да погледнува во часовникот.

IV
011.

## МИСЛАМ, ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ

Треба да го почитува законот без разлика кој е и што е. Тоа е моето мислење.

## ФИЛМЧЕ

Тој треба да го однесе пратеникот во полиција и главниот да одлучи што ќе прави и дали ќе го казни. Јас мислам така затоа што возел брзо и не ги почитувал правилата.

IV
одд.

## ЗЕМЈА УТОПИЈА

- Треба да го пушти пратеникот да помине затоа што тој се брза на важна седница, а седницата можеби нема да биде добра без него.
- Треба да го пушти. Затоа што може да го отстранат да не биде пратеник.
- Полицаецот треба да го пушти на пратеникот затоа што ако задоцни ќе го испадат од работа.

## СЀ Е МОЖНО...

Да го пушти, затоа што ако го казни пратеникот ќе задоцни и ќе му каже на претседателот и потоа полицаецот ќе го казнат.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Да го пушти пратеникот затоа што пратеникот има некаква ситуација.
- Тој треба по ред да се подреди. Јас мислам дека полицијата треба да го суди тој што одел преку ред и да му даде наредба.

# РЕД СИ Е РЕД...

Подрачјето „Локална заедница“ беше опфатено со повеќе прашања, а од нив издвоивме неколку.

На прашањето зошто е потребно да се почитува редот во чекалната во амбулантите, добивме многу дескриптивни одговори:



- Ако на некој му мерат притисок може да не слушне убаво докторот и погрешно да му измери.
- Некој ќе излезе пред редот и ќе настане конфликт.
- Можат да влезат многу луѓе, а вработените да не знаат од кој прв да почнат.
- Се карале, викале, се тепале, докторот не можел да работи.
- Се ствара голема врева и на тие луѓе што им е лошо може да им стане уште полошо и да се почувствува тешкост.
- Ако не чекаат ќе стане караница и бутаница.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Затоа што на некому му е лошо, а некој дојде што треба да дојде на преглед прв да влезе.
- Пациентите што влегле први добиле некоја зараза и да не фати и другпат пациент.
- Докторите можеби јадат, па да не ги вознемируваат.
- Можеби некој удара инекција.

# ТАЈНИ ИЗБОРИ

IV–VI одд.

Следново прашање им го поставивме и на учениците во IV одделение и на учениците во VI одделение. Одговорите, оние точните, беа речиси идентични. Погрешните (и смешните) преовладуваа кај децата од IV одделение. Изборот што следува е од двете групи.

Прашањето беше едноставно: Зошто градоначалник се избира со тајно гласање?

- Затоа што изборите за градоначалник се слободни и тајни.
- За да нема инциденти, кршење на гласачките кутии и др.
- Затоа што не треба да биде некој казнет и понижен за тоа за кој гласал.
- Затоа што секој е од друга партија и ако двајца се од различна партија помеѓу нив може да дојде до тепачка. И тајно е секој поискрен.
- За да не се создадат градски немири меѓу несовесните граѓани.
- Гласањето е тајно за да не дојде до карање или несакани инциденти како што е „јас гласам за овој, овој е подобар, тој е слабак" и други инциденти.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Градоначалникот се избира тајно да не разберат граѓаните. Можеби по неколку дена тој ќе излезе на телевизија.
- Гласањето е тајно бидејќи нема да го поддржува човекот за кој се сите поглавни.
- Гласањето е тајно зашто градоначалникот сакал тајно да ни изјави нешто.

Арно ама, некои деца на ова прашање не одговорија така како што учеле, туку така како што слушале и гледале вести за изборите. Не можеме да им префрлиме за несоодветност на одговорите ако сме им дале такви примери од секојдневието. Па, еве зошто мислат дека изборите се тајни, „подучени“ од некои „возрасни“:



- Некој што не е за таа партија може да ја искрши стаклената кутија за гласање.
- Гласањето е тајно затоа што ако некој види дека ти гласаш за оној кој тоа лице што те види не го сака, може на улица да те истепа.
- Бидејќи може некој што не го сака да му постави атентат.
- За да нема тепачки, убиства, кражби, киднапирања и др.
- Затоа што некои луѓе сакаат своите пријатели што се на поголема функција да бидат градоначалници.
- Градоначалникот ако некој го види за кој гласа, надвор може да го истепа.
- Гласање се гласа тајно бидејќи има некој што озборува, има некој што ќе даде многу пари за да победи, ама правилата треба да се почитуваат секогаш.

### БУНТ И БУНТАЦИЈА

Гласањето е тајно затоа што народот не треба да знае оти ќе има голема бунтација.

### МОНИТОРИНГ

За да не слушаат и во други земји па да нè пријават.

IV-VI одд.

- Гласањето е тајно бидејќи некој ако види може да го предаде на полицијата.
- Другите ќе се лутат и ќе сакаат да бидат градоначалници.
- Бидејќи градоначалникот можеби има изненадување за градот.
- Гласањето е тајно затоа што така избира градоначалникот.
- Затоа што може некој да биде за друг градоначалник и да му каже на градоначалникот.
- За да не слушнат и другите луѓе.
- Градоначалникот се избира тајно бидејќи не сакале тој да биде градоначалник.
- Можеби тајниот градоначалник има направено злосторство.
- Не треба да гледаат еден од друг да не го изберат истиот.
- Тој не сакал да знае никој од другите претседатели.

## ТРИЛЕР

Гласањето е тајно затоа што некој ако сака да го убие тој ден нема да знае тој ден кој е градоначалник, а утредента градоначалникот ќе биде осигурен.

## ДРАМА

Ако гласањето е јавно, некој човек може да види (слушне) од друг човек и тој што тоа го видел или слушнал може да рашири насекаде, а така ќе стане проблем.

## КОМЕДИЈА

Ако не го изберат него ќе го зезаат.

## ТРАГЕДИЈА

Не знам,
не сум учел.

# ДАНОЦИ И ПОРЕЗИ

Во подрачјето „Општина“ во VI одделение, освен барањата да се наведат одредени надлежности на општината, беа дадени и ситуации во кои децата требаше да ја согледаат и дефинираат својата улога како членови на локалната заедница.

Во едно од прашањата побаравме два примери како родителите придонесуваат да се обезбеди приходот на општината. Најчесто добивавме одговор дека родителите плаќаат сметки и даноци. Но, откривме и многу други чудни финансиски извори.

VI
О11

- Од физички средства.
- Од дополнителни приходи на Република Македонија.
- Моите родители плаќаат данок и порез.
- Се однесуваат примерно, па општината не мора да троши пари за скршени сијалици или клупи.
- Да одат на работа без задоцнување.
- Редовно да одат на работа. И да работат без исклучување.

## ПОВЕЌЕ КРАТКО ОТКОЛКУ ЈАСНО

Моите родители не сакаат да се мешаат во тие работи.

## И ВАКВИ И ТАКВИ

Преку даноците и преку доброволни даноци.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Тие придонесуваат да се откупува. Многу луѓе оваа година се жалат.
- Општината да преземе нешто за околните села. Народот да се грижи за своето село.

VI одд.

За децата да објаснат како се стекнува власт по пат на избори, ја поставивме оваа задача:

„Во фискултурната сала на едно училиште се собрале многу луѓе и се договориле градоначалник на нивниот град да биде учителот Јане. Дали мислиш дека изборот на градоначалник е правилен?“

Добивме многу одговори дека изборот не е правилен затоа што:

- Изборите за градоначалник се непосредни, слободни избори со тајно гласање.
- Не може само едно училиште да решава кој ќе биде градоначалник и тоа во фискултурна сала. Треба целото население да решава за тоа по пат на избори.

Некои деца сметаат дека изборот не е правилен затоа што учител и градоначалник е невозможна комбинација, а на други, пак, им е важна фискултурната сала:

- Тој не е стручен за оваа професија. Тој е учител и не може да биде градоначалник. Треба да заврши школо.
- Изборот е правилен затоа што тие го избираат оној кој знае добро да раководи со фискултурната сала и да се грижи за неа.
- Може да се изгубат часови по физичко образование без потреба. И политиката не треба да се меша со училиштето.
- Ако Јане не биде учител во салата, таа ќе се затвори и децата ќе нема каде да вежбаат.
- Сите граѓани треба да гласаат, а една фискултурна сала не може да ги собере сите граѓани.
- Јас мислам дека за тоа треба да каже претседателот на Македонија или пак на суд да се договорат.
- Учителот Јане секогаш нив ги учи и децата не сакаат да се оделат од него.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Сепак е градоначалникот кој е на висока функција во градот кој не може да биде увреден со работа по фискултура.
- Тоа уште е дете, не знае како да се справи со градот, тој може да го запостави.
- Не треба никој од друг да гледа.

VI одд.

### ИДНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДИК

Не е правилен затоа што сите граѓани на една општина тоа треба да го направат преку општи, тајни, непосредни и слободни избори.

### ФИЛМЧЕ

Затоа што ако сите си кажуваат: "Ај, и јас ќе гласам за него!", тогаш ќе настане голема збрка. Членовите од таа општина ќе си мислат дека гласачите се договориле сите исто да гласаат.

### И НАУКА... И КУЛТУРА... И...

Не е правилен така што оти тој е наставник по образование и наука и култура.

### СЕ БАРА ЈАНЕ!

Па јас да кажам дека не го познавам тој Јане и дека не знам многу за него.

# ЗА ЕДНА ИНСПИРАТИВНА ДУПКА

VI одд.

Што би направиле децата за да се избегне несреќа кога би забележале голема незаштитена дупка? Очекувавме да идентификуваат ситуации во кои е загрозена безбедноста и да ги наведат службите и лицата кои се грижат за тоа. Добивме убави одговори од малите совесни граѓани кои сосема се соживееле со улогата на чувари на безбедноста.

- Бидејќи јас сум малолетник би се обратила на моите родители и би им ја кажала оваа незгодна ситуација и би ги замолила да се обратат во нашата општина. Верувам дека ова е едно хумано дело.
- Ќе пријавам на претпоставените т.е. „Македонија пат", а ако е битно во моментот ќе ја наполнам со земја додека дојдат задолжените.
- Ќе треба да се пополни дупката, да се исцементира убаво затоа што таа дупка пак ќе се раскопа и ќе има сообраќајни несреќи.
- За да се избегне несреќа јас би ја пополнила дупката и би им кажала на моите родители да им кажат на луѓето од Фондот за локални патишта да ја пополнат дупката убаво.
- Ако забележам незаштитена дупка до неа ќе поставам дрвце и на него ќе заврзам црвено марамче.
- Ќе се обратам кај градоначалникот и ќе го известам за незаштитената дупка, а тој е должен со советот да донесе одлука за покривање на дупката, па да се реши проблемот. А, можам да се пожалам и во советот па да изгласа за решавање заедно со градоначалникот.

## УМНИ ГЛАВИ

Ќе прашам повозрасен зошто е тоа така. Доколку се гради нешто, би сакала да предупредам со знак, но доколку немам работа, би се упатила во општината за да го разгледа проблемот и да се соочи со него пред да има несакани последици.

## КАСКАДЕР

Ќе се фрлам од кола.



## ФИЛМЧЕ

- За да ја избегнам несреќата ќе застанам, ќе одам пополека за да ја поминам несреќата, бидејќи ако преминам на спротивната лента некој може да ме удри со друга кола.
- Доколку сме со автомобил малку ќе подзастанеме и ќе избегнеме на другата страна. Јас не можам ништо да кажам во врска со тоа затоа што државата е одговорна за тоа. А, ако има несреќа ќе се јавиме во брза помош.

# „ПОПУЛАРНИ“ ХУМАНИСТИ

VI одд.

Колку причини можете да смислите зошто е добро да се учествува во акциите на Црвениот крст и Црвената полумесечина?

Сигурно не толку многу колку што може едно дванаесетгодишно дете.

- За да им се помогне на хендикепираните лица, да можат да јадат тоа што ние го јадеме, да се соберат пари за нивен подобар дом.
- Добро е бидејќи помагаш на луѓе кои немаат услови за живот, на луѓе кои немаат пари да ги школуваат своите деца.
- Затоа што подобро е парите кои ни се вишок да ги потрошиме во хуманитарни цели, отколку со нив да купуваме дрога, цигари и алкохол.
- Бидејќи тоа е хумано и ќе се соберат повеќе пари за сиромашните.
- Затоа што правиш добро и го помагаш Црвениот крст; покажуваш заинтересираност и ги поттикнуваш и другите да размислуваат како тебе.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Затоа што тоа е дел од твоето здравје.
- За рекреација и комуникација.
- Затоа што децата се православни.

## СÈ ЗА ПОПУЛАРНОСТА

- Може да станам попознат во твојата околина.
- Добро е да учествуваш во такви акции за да си добиеш нешто.
- Затоа што така ќе станеш попознат и пообразован човек.

# „НЕМИРНОСТИ“

VI
011.

Подрачјето „Училиште“ опфати прашања кои се однесуваат на правата и обврските на учениците, ситуации од училишната средина и прашања поврзани со улогата на ученикот во поширокота заедница.

Во едно од прашањата децата требаше да наведат две причини поради кои еден ученик би можел да биде казнет со намалување на поведението. Побаравме две, а добивме „милион“ причини:

- Можеби бегал од часови. Почнал да оди по кафичи, пиел, пушел, се тепал со децата и влегувал во сите конфликти.
- Заради немирностите и заради кршење џам.
- Направил некоја беља. Бил немирен цело полугодие.
- На часовите фрлал со мали парчиња гума.
- Крши пенџериња, мава, лупа, се закача и не оди на часови.
- Прва причина: ги тепаше сите деца. Втора причина: сметаше на часовите и се караше со наставниците.

### ПОПИС

Бегање од часови, неоправдани, пречење на часовите, задевање со девојчињата, стекнување лоши навики и пренесување на другите деца.

### УЧИЛИШНА ДИЕТА

Ослабнал со учењето.

# НЕ Е СÈ ВО ПАРИТЕ!

VI одд.

Дали родителите имаат право да ѝ забранат на Маја да оди на роденден кај посиромашните деца? Во случајов очекувавме одговори поврзани со идентификувањето и прифаќањето на разликите меѓу луѓето. А малите алтруисти ни покажаа дека цврсто стојат во одбрана на правото на еднаквост и речиси сите одговорија дека родителите не смеат да поставуваат такви забрани затоа што:

- Меѓу посиромашните и побогатите деца нема никаква разлика. Дури посиромашните можат да бидат побогати со знаење, попаметни. Не е сè во парите.
- Со оваа постапка родителите ја ставаат Маја под негативен притисок таа со кого да другарува. Навистина оваа постапка е неправилна бидејќи секој човек живее како што дозволува средината во која живее.
- И покрај тоа што се посиромашни од другите, не значи дека се тие луѓе лоши или понекултурни.
- Сиромашните и богатите деца треба еднакво да се ценат.
- Нема врска дали се сиромашни или богати, сите сме едно, никој не е богат. Богат е само Господ.
- Баш кај посиромашните другарчиња треба да се оди за да ги позбогатиме со подароци.

## ЛЕКЦИИ ЗА ВОЗРАСНИТЕ

- Ако децата се сиромашни не значи дека нешто им фали. Можеби немаат доволно пари, но сигурно имаат љубов. А и родителите не треба да им кажуваат со кои деца да се дружат, а со кои не. Децата сами го одбираат своето друштво.
- „Парите не го прават човекот", тоа е поговорка. Тие апсолутно не се во право. Но, се зависи од ставот на Маја, ако таа сака треба да оди. Нејзините родители треба да поразговараат со неа и да ја увидат грешката.

VI одд.

## СКАП ЖИВОТ

Не, затоа што и тие деца се деца како нејзе, се разликуваат само по облеката и не им дозволуваат односно немаат финансии да ги пратат на екскурзија која вреди 520 денари за еден ден.

## ФИЛМЧЕ

На пр. еден ден родителите на Маја можат да се осиромашат, а сиромашните да се збогатат, и сега богатите нема да ги пуштаат своите деца на роденден кај Маја бидејќи тие така се однесуваа со нив.

# ПРОБЛЕМОТ. РЕШЕНИЕТО

VI одд.

„Сте обезбедиле средба со претседателот на месната заедница на која сакате да разговарате за вашиот проблем. Кои две најважни работи ќе му ги кажете на почетокот на разговорот?“

Целта на оваа задача беше децата да опишат како воспоставуваат контакт и како комуницираат со компетентни лица. Најголем дел од одговорите беа од овој тип:

- Прво ќе се претставам. Второ ќе го кажам проблемот за кој сакам да разговараме.
- На почетокот убаво ќе се претставиме. Потоа ќе го претставиме проблемот што треба да се разреши.

## УПС! СЕ ЗБУНИВ

- Дали ви оди работата и како ви оди?
- Се извинувам јас имам еден проблем ако сакате да ми помогнете... Дали може да те прашам нешто?
- Кое е неговото име и презиме. Дали може да ми помогне да го решам мојот проблем со него.
- Добар ден. Се извинуваме што ве прекинуваме во вашата работа поради нашиот проблем.

## ПОВЕЌЕ КРАТКО ОТКОЛКУ ЈАСНО

- Проблемот. Решението.
- Добар ден, односно здраво. Што да му кажам на почетокот кога се кажува здраво?

Еве какви сè „проблеми“ имаат некои деца:

- Цените се многу високи. Да ги намалат цените оти голем број невработени луѓе немаат пари да го платат тоа.
- Ќе го прашаме зошто не ни обезбеди за летоска еден базен.
- Дека некои задачи не ми се јасни и дека имам проблем со учењето.
- Нешто не е во ред со струјата и со кабловската телевизија. И за тоа како да го решиме тој проблем.
- Да се зголемат платите бидејќи платите се мали, а сметките големи што одвај може да се преживее.
- Ние имаме проблем што треба да се разјасни. Проблемот е тоа што нема дружење во нашата паралелка.
- За водата зашто не е добра за пиење. Бевме заболени од жолтица зашто водата беше загадена.
- За улиците во нашето село. Од кога произведувате месо?
- Светлото е премногу слабо. Да се договориме и да се здружиме за да го решиме овој проблем што побрзо.
- Не треба да се фрла ѓубре околу училиштето. Големите да не им прават проблеми на малите.

VI
011.

## ШТО САКАШЕ АВТОРОТ ДА КАЖЕ?

- Најпрвин за поголемата работа, а потоа за помалата.
- Проблемот да го реше и да нема проблеми.

# „ПЛАСТИЧНИ ПЕРДИЊА“

VI одд.

Конечно, за една забава...

„Учениците од VI одделение сакаат да ставаат платнени ролетни на прозорците во нивната училница. За да соберат доволно пари подготвиле приредба на која наплатувале билети. Парите што ги собрале не се доволни.“

На барањето да напишат друг можен начин за собирање пари, учениците имаа вакви идеи:

- Да изработат некои предмети од глина, да нацртаат убави цртежи и да ги продаваат.
- За да имаат доволно пари треба да помогнат родителите.
- Треба да направат плакати и на нив да напишат кој може и сака да помогне да го стори тоа. Или да се обратат кај директорот и тој да стори нешто.
- Учениците може да соберат пари на тој начин што ќе направат уште една забава.

## ЕКОНОМИСТ

Треба да се упатат кај директорот и тој можеби со финансиски средства и со намалување на неколку плати на наставниците и вработените ќе им даде износ на учениците за да ставаат пластични пердиња.

## МОРАЛИСТ

Може самите ученици да се организираат секој да даде пари. Може да побараат помош од своите родители. Во никој случај не смеат да крадат.

## ОПТИМИСТ

Да побараат пари од претседателот на државата.

# ЗА КРАЈ...

Посебна благодарност за сите деца кои учествуваа во истражувањето
и ги споделија сопствените размислувања со нас.

Издавач:
Биро за развој на образованието
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Уредник на изданието:
Билјана МИХАЈЛОВСКА

Раководител на проектот
„Стандарди за граѓанско образование":
М-р Горица МИЦКОВСКА

Лектура:
Сузана СТОЈКОВСКА

Проектот „Стандарди за граѓанско образование" се реализира со финансиска поддршка на Американската агенција за меѓународен развој (**USAID**) и Католичките служби за помош (**CRS**).

**CIP** - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

Основи на демократијата од детска перспектива [уредник на изданието Билјана Михајловска; раководител на проектот Горица Мицковска]. - Скопје: Биро за развој на образованието, 2004. - 34 стр.: илустр.; 15x15 см

Публикацијата е во рамките на проектот: Стандарди за граѓанско образование

**ISBN** 9989-939-40-3
1. Михајловска, Билјана 2. Мицковска, Горица

**COBISS.MK-ID** 58898698

Проект „Стандарди за граѓанско образование"